ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 11.03.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## Информација за извршени контроли во ПЗУ во руралните средини

ФЗОМ изврши акција за контрола на сите 78 ординации по општа медицина кои имаат склучено договор со Фондот во рурални средини. **Фондот финансиски ги стимулира руралните доктори како да имаат 950 осигуреници по просечен бод на ниво на Р.Македонија од коефициент 1.8 вкупно 1700 поени или пак во пари 85.000,00 денари по тим без разлика колку осигуреници имаат прикрепено.** И покрај стимулацијата која ФЗОМ ја обезбедува за поголема рашипреност и достапност на примарната здравствена заштита во Р.Македонија согласно и Владината политика за здравствена заштита, од увидот во контролата констатирани се бројни неправилности во здравствените установи како:

- Затворени ординации во текот на работното време (покрај неколкуте обиди за контроли 3 од ординациите беа затворени), иако треба да работат 8 часа во денот.
- Поплаки од осигуреници кои се жалат на ниското ниво на здравствена заштита.
- **Нецелосна ампуларна терапија за задолжителни постапки.**
- **Нецелосна ампуларна терапија за итни постапки.**
- Неуредна евиденција во амбулантскиот дневник.
- Неуредна евиденција во дневникот за аплицирана терапија.
- Неуредно пополнување на рецептите за издаден ампуларен лек.
- Неистакнување на известување дека ординацијата работи со Фондот,со сини картони.
- **Неистакнување на известување дека прегледот кај избраниот лекар не се наплатува.**
- Неистакнување на известување за замена на избраниот лекар,
- **Наплата на партиципација која не е во согласност со одлуката за учество со лични средства на осигурените лица во примарната здравствена заштита**
- Непоседување на фискален апарат ( за што е информирана Управата за јавни приходи).
- **ФОНДОТ ДУПЛО ПЛАЌА**- со оглед на фактот дека голем број на осигуреници не го избираат за матичен лекар, докторот од руралната средина, туку изборот го прават во градските средини, а законските можности му го дозволуваат истото, се појавува можност за дупло плаќање за осигурениците, во реалноста руралните доктори не ги прифатиле во своите ординации ниту приближно жителите на местата ( постојат ординации со 14-40 избрани пациенти), а за сметка на тоа осигурениците од руралните места се уште имаат избрано матични лекари во градовите.

**За најдените неправилности и кршење на одредбите од договорот со ФЗОМ, соодветно санкционирани ќе бидат 12 ординации.**

Фондот апелира до осигурениците во руралните места доколку повторно воочат неправилности кај своите избрани лекари веднаш да го известат ФЗОМ, со што би превзеле иницијатива за преиспитување на одлуката за склучување на Договор за руралност, како и санкционирање на истите кои работат спротивно на интересите на осигурениците. ФЗОМ ќе продолжи со вакви таргетирани акции со цел подобрување на квалитетот на здравствени услуги.

Бранко Аџигогов
Портпарол